# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.1/2019
## 30.01.2019 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/1
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012,25/2013,226/2015, 31/2016, 142/2016 и 190/2016)), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **29.01.**.2019 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино

## за 2019 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година се вршат следните измени и дополнувања:

Во точка 3.6 Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ по точката 10 се додава нова точка 11 гоја гласи :

**- Реализација на собраќајниот проект за забавување на сообраќајот на улиците Маршал Тито и улица Партизанска пред основните училишта**

Во точка 4.5.10.став 1 , по аленеа 6 во делот на утврдување на Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште во делот кај Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори се додава нова алинеа која гласи :

**- Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори – фотоволтаични централи до 1MGW, ќе се наплатува по 600,00денари по 1м² корисна површина врз постоечки објект.**

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

бр.08-54/3
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Витанов Диме с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## за објавување на Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

Се објавува **Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/2
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

**Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 година), а во согласност со Уредбата за определување на реонизација на зони на градовите и населените места во РМ бр.19-2164/1 од 02.6.2005 год., членот 5 став 4 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016 ) и членовите 1, 2 и 16, став 2 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија“ број54/2012 ) и членот 1 од Методологијата за изменување на Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2013 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.01.2019 година донесе:**

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОСТАПКАТА И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТА и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта во кои спаѓаат: градежното земјиште, земјоделското земјиште, шумите и пасиштата на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл.весници на РМ **61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 54/2012, 17/2013**) донесена од Владата на РМ.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште се зема во предвид местоположбата(микро и макролокација), планираното односно утврдено право на градење и степенот на уреденост.

За земјоделското земјиште се зема во преддвид видот на земјоделското земјиште, земјоделската култура и класа.

Со оваа одлука се утврдуват просечните цени на градежното и земјоделското земјиште за подрачјето на општина Неготино за 2019 година, а врз основа на просечната цена на извршените купопродажби во 2018 година. Истата е во согласност со Одлуката за определување пазарни зони и пресметковни бодови за утврдување на пазарната вредност на згради и други градежни објекти кои се изградени на подрачјето на општина Неготино и разграничувањето по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште.

За земјоделското земјиште, како и за градежното земјиште за кое по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште нема извршени купопродажби во текот на 2017 г. ниту на подрачјето на општина Неготино ниту на подрачјето на соседните општини, просечната цена е определена врз основа на постигнатите просечни цени во претходните години и таа соодветсвува на реалната пазарна вредност на соодветното земјиште.

Член 3

Општина Неготино е поделена на следните зони, по пресметана просечна цена:

ПРВА ЗОНА _Најцентралниот дел од градот кој се наоѓа во пресекот на улиците А.А.Илов,,, Јане Сандански,, Маршал Тито,, до ,,Душан Јуруков,, - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 13-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА. ........13.369.оо денари

ВТОРА ЗОНА _ централното подрачје на градот од училиштето ,, Страшо Пинџур,, па преку ул.,, Даме Груев,, ја сече ул.,, Ленинова,, се до детската градинка ,, Мајски цвет,, и преку ул.,, Ило Виларов,, оди до спојот со ул.,, Ацо Аџи Илов,, се спушта по истата го сече колекторот и преку кракот на ул.,, Ќиро Крстев,, ја следи целата улица, ја сечи ул,, Фемо Кулаков,,, продолжува по ул.,, Ќиро Крстев,, се до ул.,, Мирче Ацев,,.Продолжува низ ул.,, Мирче Ацев,, се до градскиот стадион.Излегува на ул.,, Маршал Тито,, се до пешачката улица што ги спојува улиците ,, Маршал Тито,, и ,, Питу Гули,,.Ја прати ул.,, Питу Гули,, се до пресекот на ул.,, Гоце Делчев,,, продолжува до ул.,, Димче Мирчев,, се до ул.,, Душан Јуруков,,, потоа продолжува до ул.,, Манчо Малиминов,, па преку кракот на ул.,, Никола Петров,, доаѓа до ул.,, Маршал Тито,, Ја следи ул.,, Маршал Тито,, и се спушта преку нејзиниот крак до црквата ,, Св.Атанасие - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 15-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...2.400,оо денари

ТРЕТА ЗОНА _ останатиот дел од станбената зона во градот,како и градежното земјиште кое е во непосредна близина на ул.,, Индустриска,, во Неготино како и во непосредна близина на клучката на автопатот Скопје _ Неготино кај Неготино - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 17-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА....... 1.002,оо денари

ЧЕТВРТА ЗОНА _ градежно земјиште во Тимјаник, Пепелиште, Криволак, Д.Дисан Тремник, Курија, Црвени брегови, Горни Дисан, Вешје,Џидимирци,Брусник, Калањево, Пештерница, Шеоба и Липа - ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВА 18-ТА ЗОНА ОД ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ОД МЕТОДОЛОГИЈАТА...... 179,оо денари

.

Член 4

По однос на земјоделското земјиште катастарските општини на подрачјето на општина Неготино се поделение во 4 групи.Параметри за утврдувањето на пазарната вредност на земјоделските земјишта се класата и културата на истите.

ПРВА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | |ниви | лозја(овоштарник) |
| НЕГОТИНО<br>ДУБРОВО<br>ТИМЈАНИК<br>ПЕПЕЛИШТЕ<br>КРИВОЛАК<br>ВОЈШАНЦИ<br>БИСТРЕНЦИ<br>КУРИЈА | | | |
| | 1 | 48 ден. | 70 ден. |
| | 2 | 45 | 65 |
| | 3 | 42 | 60 |
| | 4 | 40 | 55 |
| | 5 | 38 | 50 |
| | 6 | 34 | 40 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 7 | 30 | 35 |
| | 8 | 28 | 30 |

ВТОРА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| ТРЕМНИК<br>Ц.БРЕГОВИ<br>Д.ДИСАН<br>ЏИДИМИРЦИ<br>ГОРНИ ДИСАН<br>ВЕШЈЕ | | | |
| | 1 | 38 ден. | 58 ден. |
| | 2 | 35 | 56 |
| | 3 | 30 | 52 |
| | 4 | 28 | 50 |
| | 5 | 20 | 45 |
| | 6 | 18 | 35 |
| | 7 | 16 | 30 |
| | 8 | 12 | 25 |

ТРЕТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | | ниви | лозја(овоштарник) |
| БРУСНИК<br>ЛИПА<br>КАЛАЊЕВО | | | |
| | 1 | 18 ден. | 36 ден. |
| | 2 | 16 | 32 |
| | 3 | 14 | 30 |
| | 4 | 12 | 26 |
| | 5 | 12 | 26 |
| | 6 | 12 | 24 |
| | 7 | 12 | 24 |
| | 8 | 10 | 20 |

ЧЕТВРТА ГРУПА

| КО | КЛАСА | Вредност по метар квадратен | |
|---|---|---|---|
| | |ниви | лозја(овоштарник) |
| ПЕШТЕРНИЦА | | | |
| ШЕОБА | | | |
| JАНОШЕВО | | | |
| | 1 | 14 ден. | 24 ден. |
| | 2 | 12 | 20 |
| | 3 | 10 | 16 |
| | 4 | 10 | 16 |
| | 5 | 10 | 16 |
| | 6 | 10 | 16 |
| | 7 | 10 | 16 |
| | 8 | 10 | 16 |

Член 5

Земјиштата во вид на ПАСИШТА и НЕПЛОДНО се вреднуваат исто како нива од 7 класа во соодветната катастарска општина, а ШУМИТЕ се вреднуваат исто како нивите од соодветната катастарска општина.

Член 6

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште не може да се утврди друга култура и бонитетна класа од онаа што е запишана во поседовниот (имотниот лист) каде што е евидентирана недвижноста.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/4
29.01.2019 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
Претседател
Диме Витанов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/3
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16 и 64/18), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Неготино на Седницата одржана на ден 29.01.2019 година донесе :

**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино**

**Член 1**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино бр. 07-244/13 од 13.03.206 година се вршат следните измени и дополнувања:

**чл. 4**

ст.4 се менува и гласи:

Лиценцата и дозволата за вршење општински линиски превоз се издава со важност од 5 ( пет) години.

Ст.5 се менува и гласи :

За добивање на дозвола за вршење на општински линиски превоз, односно за користење на автобуски стојалишта и свртувалишта превозникот плаќа надоместок. Висината на надоместокот за користење на автобуските стојалишта и свртувалишта при поаѓање и доаѓање на автобусите и минибусите превозникот плаќа 6,50 денари. Висината на надоместокот зависи колку поаѓања и доаѓања на автобуси или минибуси има превозникот врз основа на утврдениот возен ред од надлежниот орган за одредена линија. Надоместокот за користење на автобуските стојалишта и свртувалишта се плаќа однапред за пет години, или за три години а за наредните две години за секоја година најдоцна до 31.01 за тековната година. Како гаранција дека превозникот уредно ќе го плаќа надоместокот поднесува банкарска гаранција во висина на надоместокот утврден за 2 години.

**Чл. 7** се менува и гласи:
Општински линиски превоз на патници може да врши домашен превозник кој е сопственик на две или повеќе регистрирани возила или да има договор за финансиски лизинг за возила со најмалку осум седиште несметајќи го и седиштето на возачот( 8+1).

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.
бр.08-54/5
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино**

Се објавува **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/4
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16 и 64/18), и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Неготино на Седницата одржана на ден 29.01.2019 година донесе :

**П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот За условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино**

**Член 1**

Во Правилникот за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино бр. 08-334/3 од 10.07.2018 година

чл. 11 се менува и гласи:

За користење на паркинг просторот на автотакси станица, авто-такси превозниците ќе плаќаат месечен надоместок во износ од 150,оо денари по возило, и тоа за 5 години однапред , односно 9.000,оо денари по возило.

Чл. 13 ст.1 се менува и гласи:

Лиценцата и изводот од лиценцата се издаваат со рок на важење од 5 години.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/6

29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**

**Претседател**

**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој**

Се објавува **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/5
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 79, став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

**за изменување и дополнување**

**на Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2018 година**

**Член 1**

Во Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој бр. 08-611/19 од 26.12.2018 година на Совет на општина Неготино se pravi slednata i

Во Член 2 од Одлуката износот 2.420.959,72 денари се заменува со износот: **3.625.411,00 денари.**

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/7

29.01.2019 година

**Советот на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за превентивни мерки**

Се објавува **Одлука за превентивни мерки** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/6
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/2002) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино ("Службен гласник на Општина Неготино" број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), а постапувајќи по т.3 од Заклучоците на Владата на РМ бр. 44-10516/1 од 11.12.2018 година, Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За превентивни мерки

Член 1

Се определува депонијата на место викано Бучето ( со која стопанисува ЈКП Комуналец) на оддалеченост 6 км од Неготино, во која постои јама за закопување на мрши, за локација за закопување на мршите во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите .

Член 2

Во случај на појава на болеста Африканска чума кај свињите ќе се ангажира тешка механизација и техничка опрема која е во сопственост на ЈКП Комуналец Неготино.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино".

бр.08-54/8
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за давање согласност за нов реформиран профил за реформирано техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ Св. Кирил и Методиј Неготино**

Се објавува **Одлука за давање согласност за нов реформиран профил за реформирано техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ Св. Кирил и Методиј Неготино** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/7
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За давање на согласност за нов реформиран профил за реформирано техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ Св„Кирил и Методиј„ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ за нов реформиран профил за реформираното техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ „Св Кирил и Методиј„ Неготино за два образовни профили и тоа:

- Прехранбен техничар
- Хемиско-лабораториски техничар

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/9
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници**

Се објавува **Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/8
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15) и 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година**

Член 1

Член 1 од Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2019 година бр.08-611/21 од 26.12.2018 година, се менува и гласи :

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на општина Неготино за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-54/10
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлука за престанок на правото на стопанисување објект Спортска сала „Младост„ Неготинона ЈКП Комуналец

Се објавува **Одлука за престанок на правото на стопанисување објект Спортска сала „Младост„ Неготинона ЈКП Комуналец**, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/9
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/2002) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за престанок на правото на стопанисување објект Спортска сала „Младост„ Неготино на ЈКП Комуналец Неготино**

Член 1

Се оваа Одлуката престанува правото на стопанисување објектот Спортска сала„ Младост„ во Неготино на Јавното комунално претпријатие „ Комуналец„ Неготино, кој се наоѓа на КП.бр.8125/1, КО Неготино, а заведен во сопственост на општина Неготино во имотен лист бр.8396 за КО Неготино и тоа:

деловна просторија во влез 1 на приземје, наменета за спорт и рекреација, со површина од 1.551 м², деловна просторија во влез 1 на кат 1, наменета за спорт и рекреација, со површина од 159 м²;помошна површина во влез 1 на кат 1, наменета за спорт и рекреација, со површина од 125 м²; мансарда во влез 1, наменета за спорт и рекреација, со површина од 572 м²; деловна просторија во влез 2 на приземје, наменета за спорт и рекреација, со површина од 690 м²., помошна површина во влез 2 на приземје, наменета за спорт и рекреација, со површина од 10 м²; деловна просторија во влез 2 на кат 1, наменета за спорт и рекреација, со површина од 144 м².

Член 2

Лицата кои со Одлуката се превземаат како вработени во ЈКП Комуналец Неготино останувaат вработени во јавното претпријатие.

Член 3

Стопанисувањето со Спортската сала ,,Младост,, Неготино го превзема општина Неготино.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-54/11
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за прифаќање на повисока пазарна вредност при процена на недвижностите**

Се објавува **Одлука за прифаќање на повисока пазарна вредност при процена на недвижностите** , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/10
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/2002) и член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино (“Службен гласник на Општина Неготино” број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на повисока пазарна вредност при проценка на недвижностите**

Член 1

Кога цената утврдена во договорот за купопродажба е повисока од пазарната вредност утврдена според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот во таков случај ќе се прифати повисоката цена договорена помеѓу страните во договорот како даночна основа за пресметување на данок на промет.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот објавувањето во „Сл.гласник на општина Неготино“.

бр.08-54/12
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино

Се објавува **Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино**, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/11
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност за примена на Годишниот план за вработување за 2019 година на Општинското основно училиште „Страшо Пинџур“ Неготино.со бр.01-37/1 од 17.01.2019 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/13
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Мислење по однос Програмата за изведување екскурзии ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино за 2018/2019

Се објавува **Мислење по однос Програмата за изведување екскурзии ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино за 2018/2019**, што Советот на општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/12
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) и член 7 од Правилникот од 05.06.2014 година донесен од Министерот за образование и наука за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Советот на општина Неготино дава позитивно мислење по однос на Програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ Страшо Пинџур Неготино во учебната 2018/2019 година бр.03-36/1/2 од 17.01.2019 година.

2. Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/14
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Мислење по однос на Програмата за изведување екскурзии ООУ „Гоце Делчев„ Неготино за 2018/2019 година**

Се објавува **Мислење по однос на Програмата за изведување екскурзии ООУ „Гоце Делчев„ Неготино за 2018/2019 година**што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/13
30.01.2019

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р**

Врз основа на  член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14) и член 7 од Правилникот од 05.06.2014 година донесен од Министерот за образование и наука за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019  година го усвои следното

**М И С Л Е Њ Е**

1.Советот на општина Неготино дава позитивно мислење по однос на Програмата за изведување на екскурзии за учениците од ООУ Гоце Делчев  Неготино во учебната 2018/2019 година бр.08-15/1 од 23.01.2019 година.

2. Ова мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/15
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов  с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за усвојување наИзвештајот за работа на Локалната библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино**

Се објавува **Решение за усвојување наИзвештајот за работа на Локалната библиотека „Страшо Пинџур„ Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/14
30.01.2019

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р**

Врз основа на член член 36 ст.1 т. 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр2/02) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За усвојување на Извештајот за работа на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино за 2018 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино за 2018 година.

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/16
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Музеј на град Неготино

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Музеј на град Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/15
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11. 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа за 2019 година на Музеј на град Неготино.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/17
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/16
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11. 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино ја усвои Годишната програма за работа за 2019 година на Локална библиотека ,,Страшо Пинџур,, Неготино.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/18
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за финансиските извештаи на спортските клубови**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Извештајот за финансиските извештаи на спортските клубови,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/17
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.01.2019 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештај за доставените финансиски извештаи на спортските клубови од општина Неготино за добиените средства од буџет 2018 година .

2. Овој заклучок влегува во сила со денот објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-54/19
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/18
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. Најдов Далибор од с.Долни Дисан износ од 15.000,оо денари
2. Ставреска Трајанка од Неготино износ од 5.000,оо денари
3. Точи Афизе од с.Црвени Брегови износ од 5.000,оо денари
4. Малиминов Пане од Неготино износ 10.000,оо денари
5. Цветанка Колева од Неготино износ од 5.000,оо денари
6. Крстиња Ѓорѓиева од Неготино износ од 5.000,оо денари
7. Јованова Слаѓана од Неготино износ од 3.000,оо денари
8. Пецова Андријана од Неготино износ од 5.000,оо денари
9. Гордана Верманцелиева од Неготино износ од 10.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/20
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

## За објавување на Одлука за доделување на финансиски средства

Се објавува **Одлука за доделување на финансиски средства** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/19
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се доделуваат финансиски средства во висина од 35.000, оо денари на Здружение на слепи лица на град Неготино за реализирање на активности во 2019.

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/21

29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**

**Претседател**

**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Градоначалникот на општина Неготино донесе

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Решение за доделување на огревни дрва**

Се објавува **Решение за доделување на огревни дрва** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.01.2019 година.

Бр.09-72/20
30.01.2019 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 29.01.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на огревни дрва**

**Член 1**

Се доделуваат огревни дрва на следниве лица :

1. Најдов Далибор од с.Долни Дисан - 3 $м^3$
2. Саид Дестанов од Неготино - 3 $м^3$
3. Берген Ѓеловска од Неготино – 2 $м^3$

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-54/22
29.01.2019 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), општина Неготино распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за доставување на иницијативи за изработка и донесување на урбанистички планови

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од член 7 став 1 точка 2 алинеа 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

Иницијативите можат да се достават во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки урбанистички план, со дефинирани граници на опфат согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.М” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).**

**Изработката на урбанистичките планови може да биде финансирана од страна на подносителот на иницијативата.**

Јавниот повик ќе трае од 01.02.2019 година до 05.03.2019 година.

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
Тони Делков с.р.

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 1/2019

1.Заклучок за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година

Стр.1

2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2019 година

Стр. 2-3

3. Заклучок за објавување на Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјиште и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште Стр. 3-4

4.Правилник за постапката и критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјиште и утврдување просечни цени на градежно и земјоделско земјиште

Стр.4-11

5.Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино Стр.12

6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино

Стр.13-14

7.Заклучок за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино

Стр.15

8. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот за вршење автотакси превоз на патници во општина Неготино

Стр.16

9. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој

Стр. 17

10. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за сопствено учество за имплементирање на проект во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој

Стр. 18

11. Заклучок за објавување на Одлука за превентивни мерки Стр. 19

12. Одлука за превентивни мерки Стр.20

13. Заклучок за објавување Одлука за давање согласност за нов реформиран профил за реформирано техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ Св.Кирил и Методиј,, Неготино Стр. 21

14. Одлука за давање согласност за нов реформиран профил за реформирано техничко образование од Хемиско-технолошката струка при СОУ Св.Кирил и Методиј,, Неготино Стр.22

15. Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници Стр.23

16. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници

Стр.24

17. Заклучок за објавување на Одлука за престанок на правото на стопанисување објект Спортска сала ,,Младост,, Неготино на ЈКП Комуналец

Стр. 25

18.Одлука за престанок на правото на стопанисување објект Спортска сала ,,Младост,, Неготино на ЈКП Комуналец Стр.26-27

19. Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на повисока пазарна вредност при процена на недвижностите Стр.28

20. Одлука за прифаќање на повисока пазарна вредност при процена на недвижностите Стр. 29

21. Заклучок за објавување на Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино Стр. 30

22. Решение за давање на согласност на Годишниот план за вработување за 2020 година на ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино Стр. 31

23. Заклучок за објавување на Мислење по однос Програмата за изведување екскурзии ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино зља 2018/2019 Стр.32

24. Мислење по однос Програмата за изведување екскурзии ООУ ,,Страшо Пинџур,, Неготино зља 2018/2019 Стр. 33

25. Заклучок за објавување на Мислење по однос на Програмата за изведување екскурзии ООУ,,Гоце Делчев,, Неготино за 2018/2019

Стр.34

26. Мислење по однос на Програмата за изведување екскурзии ООУ,,Гоце Делчев,, Неготино за 2018/2019 Стр.35

27. Заклучок за објавување на Решение за усвојување на Извештајот за работа на Локалната библиотека ,,Страшо Пинџур,, Неготино

Стр. 36

28. Решение за усвојување на Извештајот за работа на Локалната библиотека ,,Страшо Пинџур,, Неготино

Стр. 37

29. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Музеј на град Неготино

Стр. 38

30. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Музеј на град Неготино Стр. 39

31. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино Стр. 40

32. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2019 година на Локална библиотека Страшо Пинџур Неготино

Стр. 41

33. Заклучок за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за финансиски извештаи за спортските клубови

Стр. 42

34. Заклучок за усвојување на Извештајот за финансиски извештаи за спортс клубови Стр. 43

35. Заклучок за објавување на Решение за workelување на еднократна парична помош

Стр. 44

36. Решение за доделување на еднократна парична помош Стр. 45

37. Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски средства

Стр. 46

38. Одлука за доделување на финансиски средства

Стр. 47

39. Заклучок за објавување на Решение за доделување на огревни дрва

Стр. 48

41. Решение за доделување на огревни дрва Стр. 49

42. Јавен Повик за иницијативи за изработка и донесување урбанистички планови Стр.50